Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 10 ставови 1 и 3 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во врска со член 14 од Законот за медиуми и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата, на 9 октомври 2018 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ИМПРЕСУМ И ИНФОРМАЦИИ ДОСТАПНИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова Упатство се утврдува начинот на постапување на радиодифузерите при извршување на обврските од член 14 од Законот за медиуми (Импресум) и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

2. Обврските да се обезбедат импресум и информации достапни за корисниците важат за сите радиодифузери.

3. Податоците за импресум се објавуваат на соодветно место (во најавна или одјавна шпица) во сите емитувани програми без оглед дали станува збор за сопствено производство (радиодифузерите ги произвеле самите, во копродукција или ги нарачале) или за туѓа (купена) програма.

## II. ОБВРСКИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

### *Информации достапни за корисниците*

4. Телевизиите, за да им овозможат на корисниците лесен, директен и постојан пристап до податоци преку кои ќе можат да ги идентификуваат и да стапат во контакт со нив, треба најмалку еднаш дневно (по можност на почетокот од утринскиот дел од програмата) на телоп, во траење од најмалку 10 секунди, да ги објават следниве податоци за идентификација на програмскиот сервис:

   - Името на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга;
   - Називот со кој се идентификува програмскиот сервис;
   - Адреса на седиштето и уредништвото на медиумот;
   - Име и презиме на одговорното лице на медиумот;
   - Име и презиме на одговорниот уредник, односно на уредниците, согласно со внатрешната организација на уредништвото;
   - Податоци за контакт со медиумот – најмалку телефонски број, адреса на електронската пошта и/или веб страница;
   - Името на надлежното регулаторно тело.

### *Импресум*

5. Телевизиите во дневноинформативните емисии (дневници, вести и сл.) и кај другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, од сопствено производство, импресумот го објавуваат така што:

   - На одјавната шпица ќе ги објават следниве податоци:
     - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
     - Името и презимето на одговорниот уредник на информативната редакција (доколку има);
     - Името и презимето на одговорниот уредник на конкретното издание на дневникот/вестите/информативната емисија;
     - Името и презимето на другите членови на телевизиската екипа со значаен ангажман во изработка на емисијата;
     - Датум на продукцијата (ден, месец и година);
     - Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

   - Во текот на емисијата, за секој засебен прилог, ќе ги објават следниве податоци:
     - Име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог;
     - Име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматeл, монтажер и сл).

6. Кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што:

   - На најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци:
     - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
     - Името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има);
     - Името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата;
     - Името и презимето на ко-авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело;
     - Називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата);
     - Датум на продукцијата (месец и година).

   - Доколку е применливо, треба да се објават и податоци за:
     - Името на правното лице, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивското дело, односно репродукцијата на делото;
     - Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

7. Во колажните забавно-информативни или информативно-забавни програми (утрински, попладневни и сл.) емитувани под ист наслов, а составени од повеќе засебни целини, освен импресумот за програмата, телевизијата треба:

- За секоја поединечна емисија, емитувана во рамки на колажната програма, да објави импресум;
- За секој засебен прилог, да ги објави следниве податоци:
  - Име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог и на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматеп, монтажер и сл), доколку се различни од екипата на тоа издание на програмата.

8. Обврската за објавување импресум не се однесува на емитувањето поединечни музички спотови.
9. Оваа обврска важи за аудиовизуелни дела составени од низа музички спотови осмислени во посебна програмска целина преку новинарска/уредувачка интервенција.
10. Кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица.
11. Доколку програмите од туѓо производство се нахсинхронизираат, податоците за екипата која ја прилагодила програмата за македонската публика треба да се објават заедно со оригиналната екипа, а не наместо неа.
12. Доколку програмите се титлуваат, на одјавната шпица, заедно со податоците за оригиналната екипа, треба да се објават и податоци за тоа кој го направил преводот и обработката (името на продукцијата/лицето/телевизијата и сл.).

## III. ОБВРСКИ ЗА РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

### *Информации достапни за корисниците*

13. Радијата, за да им овозможат на корисниците лесен, директен и постојан пристап до податоци преку кои ќе можат да ги идентификуваат и да стапат во контакт со нив, треба најмалку еднаш дневно (по можност на почетокот од утринскиот дел од програмата) да ги објават следниве податоци за идентификација на програмскиот сервис:
    - Името на давателот на аудио медиумската услуга;
    - Називот со кој се идентификува на програмскиот сервис;
    - Фреквенциите преку кои се емитува програмата;
    - Адреса на седиштето и уредништвото на медиумот;
    - Име и презиме на одговорното лице на медиумот;
    - Име и презиме на одговорниот уредник, односно на уредниците, согласно со внатрешната организација на уредништвото;
    - Податоци за контакт со медиумот – најмалку телефонски број, адреса на електронската пошта и/или веб страница;
    - Името на надлежното регулаторно тело.

### *Импресум*

14. Радијата, во долгите форми на дневноинформативните емисии (радио дневници и сл.) и кај другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, од сопствено производство, импресумот го објавуваат така што:

- На одјавната шпица ќе ги објават следниве податоци:
    - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
    - Името и презимето на одговорниот уредник на информативната редакција (доколку има);
    - Името и презимето на одговорниот уредник на конкретното издание на дневникот/информативната емисија;
    - Името и презимето на другите членови на радио екипата со значаен ангажман во изработка на емисијата;
    - Датум на продукцијата (ден, месец и година);
    - Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.
- Во текот на емисијата, на почетокот или на крајот од секој засебен прилог, ќе го објават името и презимето на новинарот – автор на објавениот прилог;
- Името и презимето на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилозите (сниматеп, монтажер и сл.) се објавуваат на одјавната шпица на емисијата.

15. Во случаите кога се емитуваат уредувачки целини од куси радиовести (флеш вести покуси од 5 минути), доволно е на одјавната шпица да се објават следниве податоци:
    - Името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите;
    - Името и презимето на спикерот/новинарот;
    - Името и презимето на лицето задолжено за техничкото водство на емисијата;
    - Датум на продукцијата (ден, месец и година);
    - Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

16. Кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што:
    - На најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци:
        - Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
        - Името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има);
        - Името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата;
        - Името и презимето на ко-авторите, односно севкупната радио екипа со удел во целината на аудио дело;
        - Датум на продукцијата (месец и година);
    - Доколку е применливо, треба да се објават и податоци за:
        - Името на правното лице, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивското дело, односно репродукцијата на делото;
        - Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

17. Кај програмските блокови/појаси (утрински, пладневен, попладневен, ноќна програма и сл.) радијата треба:
    - На најавната или одјавната шпица да ги објават следниве податоци:

- Името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис;
- Името и презимето на водителот на програмскиот блок/појас;
- Името и презимето на лицето задолжено за техничкото водство на емисијата, а доколку е применливо и музичкиот илустратор и други членови од екипата со значаен ангажман во изработката на програмскиот блок (монтажа, снимател на тон и сл.);
- Датум на продукцијата (месец и година);
- Името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

▪ Во програмските блокови/појаси, освен импресумот за програмскиот појас, радиото треба:

- За секоја поединечна емисија, емитувана во рамки на програмскиот блок, да објави импресум;
- За секој засебен прилог, да ги објави следниве податоци:
    - Име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог и на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (снимател на тон, монтажер и сл), доколку се различни од екипата на тоа издание на блокот.

18. Обврската за објавување импресум не се однесува на емитувањето поединечни музички нумери.

19. Оваа обврска важи и за аудиодела составени од низа музички нумери осмислени во посебна програмска целина преку новинарска/уредувачка интервенција.

20. Кога емитува програми од туѓо производство, радиото треба да ја емитува оригиналната шпица.

21. Доколку радиото на некаков начин ги обработува програмите од туѓо производство (превод, нахсинхронизација и сл.), на одјавната шпица, заедно со податоците за оригиналната екипа, треба да се објават и податоци за тоа кој ја направил обработката.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

22. Ова Упатство влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.** 01-4443/1

**09.10.2018 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**